ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ
**ТРИО – КОНСАЛТИНГ** ДОО – ГЕВГЕЛИЈА
ул." Маршал Тито" бр.97 п.фах. 197;
тел. 34 214 – 116; факс 217 – 116
E-mail: triocons@t.mk
www.triocons.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До**
**Акционерите на**
**ПИ КРИСТАЛ 1923 А.Д. – Велес**

*Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ПИ КРИСТАЛ 1923 А.Д. Велес кои се составени од Извештајот за финансиската состојба на ден 31.12.2021 година и Извештајот за сеопфатната добивка (билансот на успехот) за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, извештајот за промени на капиталот, извештајот за паричниот тек, како и прегледот на значајните сметководствени политики и останатите белешки кон финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2021 година.*

## Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

*Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, законската регулатива која се применува во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.*

## Одговорност на ревизорот

*Наша одговорност е да изразиме мислење за овие извештаи засновано на нашата ревизија.*

*Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се прифатени во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат ние да ги почитуваме етичките барања. Воедно овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумна сигурност дека финансиските извештаи се ослободени од материјално значајни погрешни прикажувања.*

*Ревизијата вклучува испитување, засновано на тестови и прибирање ревизорски докази со кои се поткрепуваат износите и прикажувањата обелоденети во финансиските извештаи. Ревизијата, исто така вклучува проценување на користените сметководствени принципи и значајните проценки извршени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното прикажување на финансиските извештаи.*

*Избраните постапки при ревизијата зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато било како резултат на измама било како разултат на грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото, со цел дизајнирање на ревизорските постапки коишто се соодветни на околностите.*

*Ние веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се доволни и соодветни и дека нашата ревизија заснована на таквите ревизорски докази обезбедува разумна основа за нашето мислење.*

**Основа за мислење со резерва**

*Друштвото во Извештајот за финансиската состојба,откупените сопствени акции во износ од 103.423 илјада денари ги има искажано како долгорочни финансиски вложувања. Истите треба да се признаат во главнината, како намалување на основната главнина на друштвото. (Белешка 17)( МСС 32)*

Како што е наведено во Белешката 26 кон финансиските извештаи, со состојба на 31 декември 2021 година е евидентирана акционерска главнина на Друштвото во износ од 338.178 илјади денари и истата не е усогласена со износот на акционерската книга запишана во Централниот регистар на РСМ како и со состојбата евидентирана во акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност. Поради овие причини ние не бевме во состојба да стекнеме разумно уверување во однос на евидентираниот износ на акционерската главнина на датумот на известување. Ние по основ на оваа прашање искажавме мислење со резерва со ревизијата на финансиските извештаи за 2020 година.

**Мислење со резерва**

Според наше мислење, освен за ефектот на финансиските информации наведени во пасусот за основ за мислење со резерва финансиските извештаи на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД – Велес ја прикажуваат реално и објективно,во сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото под 31-ви декември 2021 година, резултатите од неговото работење, како и промените на капиталот и паричните текови за годината која завршува со тој датум,изготвени во согласност со законската регулатива и сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија.

**Обрнување на внимание**

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на Белешката 32 кон финансиските извештаи во која е обелоденето дека Друштвото се јавува како тужена страна од поранешните сопственици за непресметната и неисплатена фиксна дивиденда на приоритетни акции резервирани за поранешните сопственици во износ од 19.606 илјада денари. На датумот на изготвувањето на финансиските извештаи, не се евидетнтирани резервирања од потенцијални загуби од судски спорови покренати против Друштвото.

## *Извештај за други правни и регулаторни барања*

*Менаџментот на друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.*

**Мислење**

*Според наше мислење, финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни со оние во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 А.Д. Велес за годината која што заврши на 31 декември 2021 година.*

Гевгелија, 29. април, 2022 година

*Овластен ревизор:*
*Петров Здравко*

*Друштво за ревизија и консалтинг*
*ТРИО – КОНСАЛТИНГ ДОО Гевгелија*

*Управител,*
*Здравко Петров*

Друштво за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО Гевгелија